УДК 27-312.47:398.3(497)(049.3)
https://doi.org/10.55302/MF2077-78203sa

Вера Стојчевска-Антиќ

# ИСТОРИСКАТА ВАЖНОСТ НА НАРОДНИТЕ КАЖУВАЊА

**Апстракт:** Во текстов имаме намера да запреме врз настаните што се случуваа во манастирот „Света Богородица“ во Слимница, Преспа, во изминативе години, особено околу 2000 година. Имено, во светот беше познато појавувањето на Пресветата Богородица кога во 1930 година Катерина Лабурс клекнала на колена пред Богородица во Париз. Во 1917 година Дева Марија се појавила на местото Фатима во Португалија, а потоа во 1960 година во Гарабандал во Шпанија итн. Во 2000 година во самиот манастир „Света Богородица“ во Слимница, појавувањето на Богородица, е видено од жителите на Преспанскиот Регион. Во нашите истражувања дојдовме до повеќе такви директни искажувања, кои ќе бидат презентирани во текстот.

**Клучни зборови:** Богородица, Слимница, Преспа, Париз, Португалија, Шпанија.

Народот во секоја средина долго ги памети настаните што оставаат силен впечаток во нивниот животен тек. Во христијанскиот свет остануваат врежани настаните, кои се поврзуваат со големината и со силата на божјите придружници. И така се редат значајни настани во разни средини во светот.

Во Македонија култот на светителите е евидентен, но на прв план предничи тој на Дева Марија, што го евидентираат бројните изградени црковни објекти. Така, на пример, Скопската епархија брои 15 градби, Преспанско-пелагониската – 61, Брегалничката епархија – 24, Дебарско-кичевската – 16, Полошко-кумановската – 23, Повардарска епархија – 6, Струмичката – 14. Напоменувам дека овие податоци ги имаме во монографијата за Света Богородица Слимничка, издадена во 2007 година (Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 51-53).

Со оглед на тоа што во случајов запираме врз народните творби, кои зборуваат за култот на Дева Марија во Преспа, подвлекуваме дека сите значајни и евидентирани прослави поврзани со дејности од нејзиниот живот, од раѓањето до вознесението, и до денес, ја посочуваме значајната книга на проф. Марко Китевски, која се однесува на македонските празници и обичаи, издадена во 2013 година (Китевски, 2013). Во ова студиозно дело се поместени 111 празнувања, од кои осум се однесуваат на Пресвета Богородица. Застапени се настаните: Раѓањето на Дева Марија, Благовестието, Раѓањето на Исус Христос, Соборот на Пресвета Богородица, Воведението на Дева Марија во храмот, Покров на Богородица, Положување на појасот на Богородица, Успението на Пресвета Богородица (Китевски, 2013, 42, 54, 132, 229, 242, 246, 262, 298; Влахос, 2011, 22-24).

Во 1830 година Катерина Лабурс паднала на колена пред Богородица во Париз. Во Португалија е познато местото „Фатима“, каде што во 1917 година се појавила Богородица. Слични видувања народот памети во Гарабандел, во

Шпанија, во 1960 година. Вакви светилишта постојат подигнати во: Јапонија, Кореја, Руанда, Венецуела, Франција, Словачка, Холандија, Бразил, Австралија, Малта, Швајцарија, САД итн. Познато е каков предизвик за светот беше објавувањето на појавата на Пресвета Богородица во Меѓумурје во Босна и Херцеговина. Во светот се регистрирани над 110 вакви светилишта(Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 127).

Во случајов и Македонија не заостанува зад посочените земји, за што предничи во поново време настанот во Слимничкиот манастир „Света Богородица", во Преспа. Настанот со појавата на Света Богородица во Слимничкиот манастир во 2000 година одекна ширум целиот свет. Ова говори за силно вкоренетиот култ на Дева Марија во светот.

Култот на Дева Марија, спореден со сите култови на светителите присутни во Македонија, со сигурност е осведочен како најсилен. Кај нас постојат преданија и легенди, разнородни кажувања за Пресвета Богородица, од кои овде ја истакнуваме следнава македонска народна легенда:

**Свети Јован Богослов и Богородица**

Пред да биде распнат на крстот, Исус Христос го замолил својот најдобар другар Јован Богослов да се грижи за неговата мајка Дева Марија. По воскреснувањето на Христа апостолите се подготвиле за далечни патишта, да ги шират Христовиот збор. Јован Богослов тргнал кон Крит заедно со Пресвета Богородица кај Четиридневниот Лазар. Бурата го исфрлила бродот на Халкидик, во Македонија. Се насобрал многубожечки народ околу нив. Богородица им ја пренесла уката на својот син. Мнозина од нив поверувале во тоа и се покрстиле. Пресвета Богородица тогаш го подигнала првиот христијански храм и се прогласила за негов вечен заштитник и покровител (Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 15).

Во Македонија, во сите црковни епархии предничат, според бројноста, црквите и манастирите посветени на Пресвета Богородица. Во нив во соодветните денови се прославува величието на Пресвета Богородица. Така, во весникот „Македонија денес" во 2000 година беше одбележан следниов случај[1]. Екипа од овој весник направила репортажа за Слимничкиот манастир „Света Богородица" и за нејзиниот чувар Божин Нечовски. Екипата направила и снимки, а една од снимките била направена од внатрешноста на манастирот, од прозорецот што гледал наспроти манастирскиот конак. Времето било сончево и прегледно. Кога екипата се вратила во Скопје ги развила снимките и на прозорецот, од кој било снимано, била видлива фигурата на Пресвета Богородица. Статијата била објавена во весникот, од каде се проширила во светот. Слимничани знаат бројни искажувања од нивни и други жители, кои, на денот на Пресветата, ја виделе на живо Пресвета Богородица. Од тој ден и славата за просветленото слимничко појавување на Богородица се проширила, па се нашла во редот на вака прославените места. Во случајов го потенцирам и следново преспанско предание:

---

[1] Весникот е датиран од 14-15 октомври 2000 година.

**Предание за Слимничкиот манастир**

На местото наречено „Грмада“ крај Преспанското Езеро, езерската вода се повлекла и се откриле остатоци од стари ѕидини. Вакви полуразрушени градби се среќаваат и во други места крај езерото.

Жителите од селата Езерени и Перово раскажуваат дека во старо време токму на овој локалитет постоела стара црква „Света Богородица“. Со текот на времето црквата била потопена од езерската вода. Тогаш Богородица се претворила во гулабица, одлетала од потопената црква и слетала токму на денешното место, каде што е изграден Слимничкиот мананстир „Пресвета Богородица“. Така настанала црквата во селото Сливница (Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 3).

Лично заинтересирана и професионално и научно за христијанството воопшто, се упатив кон Слимничкиот манастир. Го посетив неколкупати, остварувајќи контакт со слимничани, кои така природно и спонтано раскажуваат за присуството на Пресвета Богородица во нивното родно место. Од расказот не прават чудо, туку зборуваат едноставно, како што раскажуваат и други народни видувања. Поголем дел од нив објавив во спомената монографија за Богородица Слимничка (Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 115-141), а овде ги презентирам избраните, раскажани од преспанци.

Во водените интервјуа предничи чуварот на манастирот Божин (Бошко) Нечовски, кој е свидетел на разноразните видувања на Дева Марија, како лице што со години е присутно во манастирот и околината на Преспа. Божин раскажува за луѓето, кои лично му раскажале за средбата со Богородица. Тој лично смета дека и нему Богородица му го спасила животот:

> Јас честопати берев печурки во планинскиот масив. Еден ден тргнав да го правам истото. Но, тогаш тргнав без стап. И барајќи печурки наидов на еден огромен вргањ, две до три кила. Се наведнав да ја наберам печурката, кога наеднаш слушам глас: „Немој Божине, земи стап и преврти ја печурката.“ Јас го направив тоа и кога гледам под печурката огромна змија каква не сум видел дотогаш. Јас мислам дека ме спаси гласот на Богородица.

Божин е заслужен за акцијата и за изградбата на патот од селото Слимница до манастирот, а исто така, неуморно собирал прилози за доградби во манастирот. Тој истакнува дека најголем донатор за манастирот било семејството Петкови од Битола. Тие имале болежливо дете Купен, кое во 1599 година починало. Кога започнала градбата на манастирот во 1607 година Михаил и Стојна Петкови подариле 9000 златни гроша. Благодарните свештеници го насликале ликот на Купен во црквата. Божин неуморно раскажува за сите излекувани лица, кои барале помош во оваа црква. Посебно знае за личностите, кои имале директна средба со Богородица.

Од информаторите овде го истакнувам новинарот (сега покоен) од Претор, Панде Ефтимов, кој неуморно ги проследува историските и современите настани во Преспа. Кога ми недостигале податоци за Преспа

веднаш го барав колегата Панде и секогаш го добивав бараното. Од долгото раскажување на Панде за Богородица Слимничка, ги изделувам следниве редови:

Култот кон Пресвета Богородица во Претор и Преспа е многу развиен. Се случува да дојдат во манастирот болни луѓе и да си одат здрави. Многу верници од оваа околина раскажуваат дека ја виделе Богородица во манастирот. Тие смирено ѝ се поклонувале. Познато е кажувањето од посетителите, особено од постарите, дека стрмната планина лесно ја искачувале кога се упатувале кон манастирот. Тие најчесто доаѓале по чудотворната вода во манастирот, која исцелувала.

Панде продолжува понатаму:

Во врска со написот во 'Македонија денес' за појавата на Пресвета Богородица во манастирот и јас имам да го раскажам следниов случај: јас го посетував манастирот многу често, од дете. Пред две години забележав еден феномен, за кој до денес немам објаснување. Еден ден го снимав манастирот од страната на конаците кон камбанаријата. Беше попладне кога сонцето е на запад. Додека снимав, наеднаш почувствував некаква светлост, но не од вообичаената страна, туку од спротивната. Но, кога го развив филмот испадна камбанаријата да биде осветлена од источната страна, а не од западната од која осветлуваше сонцето. И денеска ја имам таа фотографија, која чува една мистерија, некаква необјаснивост. Јас сум со фотоапаратот од дете. До денеска немам одговор за овој феномен. Ова ми остави силен впечаток, а остана неразјаснет.

Во 2003 година, на 20. и на 21. септември, го посетив Слимничкиот манастир на денот „Мала Богородица“. Овде беа бројни верници од цела Преспа, вековно прославување на Пресвета Богородица, а има и верници од Битолско и од Охридско. Имав можност да разговарам повторно со жители, кои ја помнат појавата на Пресвета Богородица во нивниот манастир. Започнав со пензионерот Васил Митревски[2], кој ги чува спомените за прославите уште како дете:

Уште како дете ме носеа на прослави во овој манастир. Со постарите деца овде ги пасевме говедата. Уште бев дете кога во 1945 година се расчу дека на пенџериската се појавува Богородица. И сите гледавме во пенџерите. Бев мал, не знаев што значи сето тоа, но ми остана сеќавањето на Богородица појавена на пенџерите, во женски лик. Има и еден друг запаметен случај. Еден селанец ги пасел волојте овде во манастирот. Му се појавила мечка и му прозборила: 'Извај го волот од црквата, ќе те изедам!' Мечката не сакала да го паси волот во кругот на манастирот. Човекот е мој прв братучед – Науме Нечовски, брат на чуварот на манастирот Бошко Нечовски. Науме го изваил волот и мечката си заминала. Овде на секои две-три години ќе се јави некој и ќе каже дека му се јавила Богородица. Не се јавила неколкупати, туку многупати. Имам слушано дека пред изградбата на овој манастир Богородица летала и првпат застанала на местото Светица. Местото било каменито, не се ојт таму. Таму не бендисала. Слегла тука и сакала тука да се гради манастир. Многу села донирале за

[2] Васил Митревски е роден во Сливница во 1936 година. Завршил вишо правно образование, а работел во Полицијата.

манастирот. Еве сега ги подигнавме конаците, осумнаесет соби. Бошко многу трчаше за донации. Се донесоа триесет кубици дрва.

Посебно лично доживување ми раскажа Спасе Попоски:[3]

Како деца овде гредевме на прослави и игри. Овде доаѓаа луѓе од секаде. Овде садевме кртули и таа работа ми ја дадоа мене како на сиромав човек, како и на друга фамилија. Но, јас во 1952 година, кога излеговме од колективот, сонив сон. На сон ми се јави Богоројца и ми рече: „Да не ојш да садиш кртули, инаку ќе ти го удаам детето. Овде ми играет децата. Нема кај да играе, а вие кртули клаате!" Јас сабајлината заминав во Вевчани, работев како мајстор. Не ја казав на жената за сонот. А жената со двете чупиња, со едно магаре, дојдоа туа. Кога пули го нема детето, го видоа во вителот на вирот од реката. Ојдоа го изваја детето. Кога дојдов дома ѝ раскажав сѐ. Јас ѝ реков: „Јас имам кабает, ми рече Богоројца: 'Да не ојш таму!'И веќе не садевме кртули. Ова мене лично ми се случи!

Убави искажувања добив и од протојерејот Ѓорѓи Нанчовеки од Ресен:

Во овој манастир од поодамна се собира многу народ на денот, посебно вечерта, од сите околни села и ги слават богатите обичаи. Народот е правоверен, си верува во својата Црква, верува во Бога. Оваа традиција останала и ќе остане и понатаму. Доаѓаат верници со големо внимание, со дарови и ѝ се поклонуваат на мајка Богородица.

Убаво се сеќавам на настанот кога Богородица се појави на пенџерата од црквата, на слика од фоторепортерите на весникот 'Македонија денес'. Материјалот беше доставен на експертиза и се докажа дека нема ништо сомнително во обичната фотографија. Можеме да веруваме во Божјата сила. Во овој крај има многу преданија и легенди за Богородица и има многу луѓе, кои ја сонуваат. Поставуваните барања тие ги остваруваат.

Расте бројот на жители од Сливница, кои, на патот кон планината, препознаваат некоја жена од селото, но кога се приближуваат до неа, таа исчезнува. Тие се уверени дека ја сретнале Богородица. Ваков пример ми раскажа Борис Стојановски:[4]

Борис Стојановски од село Сливница ги пасел овците над селото, на патот кон манастирот. Во еден миг видел на патот жена и ја препознал Борисица. Се зачудил како оди на зајдисонце кон планината. Се упатил Борис кон неа, но, токму кога бил до неа кучето залајало и жената веднаш исчезнала. Борис сфатил дека бил близу на дофат до Богородица.

Слимничани го знаат сите претседателот на Црковниот одбор Ристо Митревски. Тој бил војник во Кралска Југославија. Целиот вод се разболел, а и Ристо сметал дека е пред умирачка. Во еден миг Ристо кренал два прсти, се

---

[3] Спасе Попоски е роден во селото Сливница 1923 година. Завршил четиригодишно основно образование и целиот живот го минал во селото.

[4] Борис Стојановски е постојан жител на селото Сливница.

прекрстил и ѝ се помолил на Богородица: „Мајко Богородице, ако ме спасиш, имаш два златници!“ Целиот вод изумрел, само Ристо останал жив. Потоа ги спуштил двата златници пред иконата на Богородица во манастирот и живеел 90 години (Антиќ и Николовски-Катин, 2007, 137).

Во случајов го привлекувам вниманието кон народните кажувања за омилената Светица Пресвета Богородица, потенцирани со силната верба дека мајката Божја се појавува во разни услови во манастирот. Разбирливо вакви и слични примери, во помали или поголеми места, се јавуваат во локалитетите, каде што се изградени црковни градби во чест на Дева Марија. Сите тие го овековечуваат нејзиниот лик според сите епизоди што се црпат од Новиот завет на Библијата, преку обемната литература што е засведочена во христијанскиот свет. Овде да додадеме само некои од авторите: А. Н. Веселовски, Л. А. Пипин, Архим Јустин, Ефрем Сирин, Лазар Мирковиќ, Ст. Новаковиќ, Ц. Вранска, Миладиновци, К. Шапкарев, Крчовски – Пејчиновиќ, М. Цепенков, Ц. Грозданов, Б. Конески, И. Петровиќ, М. Китевски, В. С. Антиќ и многу други.

## ЛИТЕРАТУРА

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В. и НИКОЛОВСКИ-КАТИН, С. (2007). *Ореолот на Дева Марија и Св. Богородица Слимничка во Преспа*. Скопје: Македонска искра.

КИТЕВСКИ, М. (2013). *Македонски празници и празнични обичаи*. Скопје: Камелеон.

ВЛАХОС, Ј. (2011). *Господовите празници*. Скопје.

Vera Stojchevska-Antikj

### THE HISTORICAL VALUE OF RELIGIOUS FOLKTALES

Summary

The representation of Virgin Mary is frequent in numerous folktales. The importance of the cult devoted to her can be examined through various legends and reports in different cultures. Our focus in this paper is on the region of Prespa (Macedonia) where there are certain clues which show the presence of her sighting (by people who have witnessed her presence). These conclusions from field research testify of the popularity of Virgin Mary and her extraordinary powers. These powers are mainly focused on healing or/and helping people in need and especially people who are in immediate, life threatening danger.